


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 71,
МЕСЕЦ
ЈУЛИ 2025

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА Е И УШТЕ ЕДНА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ ВРЕДЕН 1 МИЛИОН ЕВРА ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, КАКО И 300 000 ЕВРА ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ВО МОКЛИШТЕ СЕ ВРШИ ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО ДОЛЖИНА ОД 6.4 КИЛОМЕТРИ И РЕЗЕРВОАР СО КАПАЦИТЕТ ОД 150 МЕТРИ КУБНИ





СЕ ВРШЕШЕ ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОТ ВО СКЛОП НА СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" НА ПОВРШИНА ОД 14000 М2, СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 9.870.000,ОО ДЕНАРИ. ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ ДОБИ МЕСТО ЗА РЕЛАКСАЦИЈА И ОДМОР.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ





РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ УЧЕНИЧКИ ДОМ „КРСТЕ П.МИСИРКОВ“ КАВАДАРЦИ КОЈА ОПФАЌА КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАЊЕ НА СОБИТЕ, ТОАЛЕТИТЕ, ХОДНИЦИ И ВЛЕЗНИ ПАРТИ. ОПФАТЕН НАДВОРЕШЕН ДЕЛ, МЕНЗА, МАГАЦИН 1, МАГАЦИН 2, ХОДНИЦИ, ПРОСТОРИИ ЗА РЕКРЕАЦИЈА, БИБЛИОТЕКА И ЗАНИМАЛНИ НА ВТОР КАТ, ТОАЛЕТИ И ЦЕЛОСНО НОВА ЕЛЕКТРИКА.
ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ВРШИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КУЈНАТА.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 5,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЕКИПА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО ИЗМИНАТИТЕ ДЕНОВИ РАБОТЕШЕ НА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ. ПОСТАВЕНИ СЕ ПУМПИ И РЕЗЕРВОАРИ, ИНВЕСТИЦИЈА ВО ВРЕДНОСТ ОД 3 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.
СО ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА ЦЕЛОСНО СЕ РЕШИ ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО ОВАА НАЈГОЛЕМА ВИКЕНД НАСЕЛБА НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО.



МУЛЧИРАЊЕ – ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ОД СТРАНА НА СЛУЖБИ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ . СЕ МУЛЧИРАА ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КОН МИХАЈЛОВО.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ЗАПОЧНА РЕДОВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА ПРОТИВ ГЛОДАРИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ТРЕТИРАНИ СЕ НАД 1000 ШАХТИ ОД ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА, СО ПОСТАВУВАЊЕ НА МАМЦИ. ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЛИСА КОМ МС ОД КАВАДАРЦИ.





СЕ ПОСТАВУВАШЕ УРБАНА ОПРЕМА- КЛУПИ И КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО НАШЕТО КАВАДАРЦИ, КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА НАБАВКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА УРБАНА ОПРЕМА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ.
ПОСТАВЕНИ СЕ НОВИ СТОЛБОВИ И СВЕТИЛКИ НА УЛ.ОХРИДСКА КРАК КОН НОВИТЕ ЗГРАДИ И НА ПАТОТ КОН ВИНСКИ МУЗЕЈ.
КОНТИНУИРАНО РАБОТИМЕ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВО, НЕ САМО ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ ТУКУ И ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ.





ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. „РАЈКО ЖИНЗИФОВ" НА ПОВРШИНА ОД 100М2. НА ИСТОТО ЌЕ БИДЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА И НОВИ ДЕТСКИ ИГРАЧКИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.





ВО ТЕК Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЕЛО ФАРИШ. СЕ ПОПЛОЧУВА ПОВРШИНА ОД 630 МЕТРИ КВАДРАТНИ. КОНТИНУИРАНО СЕ ГРИЖИМЕ ЗА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
ЗАВРШЕНО Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО СЕЛО РЕСАВА ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 160 МЕТРИ СО ЦЕВКИ Ф315 НА УЛ. „11 БРИГАДА" СО КОМПЛЕТЕН ИСКОП И МОНТАЖА И ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕШЕТКИ. СО ОВА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ГО РЕШАВАААТ ПОВЕЌЕ ГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ПОГОЛЕМИОТ ЛОКАЛИТЕТ ОКОЛУ ОВАА УЛИЦА ОД АТМОСФЕРСКИТЕ ДОЖДОВИ.





СЕ ВРШЕШЕ ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СРЕДНА РАЗДЕЛНА ЛИНИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД С.РЕСАВА ДО С.БЕГНИШТЕ.



ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СЕ ПОТПИША ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ПРЕКУ НАБАВКА НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ВОЗИЛА ВО ОПШТИНИТЕ ОД ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН". ДОГОВОРОТ БЕШЕ ПОТПИШАН ПОМЕЃУ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, МИТКО ЈАНЧЕВ И ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН, САШО МОШЕВ.

ПРОЕКТОТ ОПФАЌА НАБАВКА НА ДВЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ МАШИНИ ЗА СОБИРАЊЕ КОМУНАЛЕН ОТПАД – ЃУБРАРКИ, КОИ ЌЕ БИДАТ СТАВЕНИ ВО УПОТРЕБА ОД СТРАНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ – КАВАДАРЦИ, КАКО КРАЕН КОРИСНИК. ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ ИЗНЕСУВА 3.870.000 ДЕНАРИ, ОД КОИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УЧЕСТВУВА СО 896.144 ДЕНАРИ СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА.



ОВАА ДОНАЦИЈА ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ГРАДОТ. СО НОВИТЕ ВОЗИЛА, Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ ЈА ЗГОЛЕМИ ЕФИКАСНОСТА И ФРЕКВЕНЦИЈАТА НА СОБИРАЊЕ СМЕТ, ОСОБЕНО ВО УРБАНИТЕ И ПРИГРАДСКИТЕ ПОДРАЧЈА. ПОКРАЈ ЗГОЛЕМЕНАТА ФУНКЦИОНАЛНОСТ, НОВАТА МЕХАНИЗАЦИЈА ЌЕ ПРИДОНЕСЕ И ЗА ПОДОБРА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПОВИСОК СТЕПЕН НА ЈАВНА ХИГИЕНА, ШТО Е ОД ОСОБЕНА ВАЖНОСТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОМОЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА.
ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОД КООРДИНАЦИЈА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ А СО ПОДДРШКА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА И МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, КАКО И ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ КОМПАНИИ БЕШЕ НАПРАВЕНА ПРЕАДАПТАЦИЈА НА ВКУПНО 38 ВОЕНИ ВОЗИЛА ВО ПРОТИВПОЖАРНИ И ТОА:
5 ВОЗИЛА ХЕРМЕЛИН СО ВЛЕЧНА ЦИСТЕРНА ОД 2; 4 6 8 Т. НОСИВОСТ,
18 ВОЗИЛА ПИНЗГАУЕР СО 1.5Т ЦИСТЕРНА И
15 ВОЗИЛА БТР СО НОСИВОСТ ОД 6Т.
ЦЕЛ ОВОЈ ПРОЕКТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ Е ФИНАНСИРАН ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ КОМПАНИИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРОФЕСОР ДОКТОР ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ ИМ ДОДЕЛИ БЛАГОДАРНИЦИ НА:

1. ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р МИТКО ЈАНЧЕВ
2. ЊУ НОВА ИНЖЕНЕРИНГ
3. ЊУ НОВА ИНЖЕНЕРИНГ ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР ДИПЛ.ИНЖ НИКОЛА ДИМИТРИЕВ
4. ЊУ НОВА ИНЖЕНЕРИНГ ДИПЛ. МАШ. ИНЖ. АДАМОВА НИКОЛИНА
5. ЊУ НОВА ИНЖЕНЕРИНГ ДИПЛ. МАШ. ИНЖ. ПЕПИ ЈАНЧЕВ
6. ЊУ НОВА ИНЖЕНЕРИНГ ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕР ДОНЧО КОЦЕВ
7. ДЕТАЛ ВЕЛД ИНЖИНЕРИГ ДОО
8. СЕРВИС ИЛЕ МАК
9. КОЖУВЧАНКА ДООЕЛ
10. БАС ТУТИ ФРУТИ ДООЕЛ
11. ЖИКОЛ
12. ВЕЛКОМ ТРЕЈД
13. АНЕЛ МАГ 97 ДООЕЛ
14. ТРИО ЕКСПРЕС
15. ПИЛКО ТРАНС ШПЕД ДОО
16. ХИДРО МЕТАЛ
17. ИВАЛ ТРЕЈД ДОО
18. КОЛЕ ЃЕРЃЕВ
19. РОБЕРТ ЈАНКОВ
20. ДРАГАНЧО БОШКОВ
21 ЛАЛО СД ТРАНС







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПОСТАВУВАА НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ ЗА ТЕШКИ ТОВАРНИ ВОЗИЛА, ЗАМЕНА НА СТАРИ И ПОПРАВКА НА ПЛАСТИЧНИ СТОЛБЧИЊА ЗА ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ НИЗ КАВАДАРЦИ!





ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД СЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦИТЕ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ",„ДАНЧО ПОП АТАНАСОВ" И ДЕЛ ОД УЛ. „БРАЌА ДОСЕВИ" ПО ШТО СЛЕДУВАШЕ И БЕТОНИРАЊЕ НА ИСТИТЕ. СЕ ПОСТАВИ АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 400 МЕТРИ, А БЕТОНИРАЊЕТО СЕ ОДВИВАШЕ НА ПОВРШИНА ОД 650 МЕТРИ. ПОКРАЈ ОВА, ЗАРАДИ ТЕШКИОТ ПРИСТАП ЗА ПОЖАРНИКАРСКИ ВОЗИЛА НА УЛИЦИТЕ СЕ ПОСТАВИЈА И ХИДРАНТИ НА ОВИЕ УЛИЦИ ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



УСПЕШНО СЕ ИМПЛЕМЕНТИРА ПРОЕКТОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГУБА НА ВОДА СО 2000 ВОДОМЕРИ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, А СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ОФИЦИЈАЛЕН НАРАЧАТЕЛ.

МОНТАЖАТА НА ВОДОМЕРИТЕ СЕ СПРОВЕДУВА СОГЛАСНО ПРЕТХОДНО ИЗРАБОТЕНА ТЕРЕНСКА АНАЛИЗА И СТРАТЕГИЈА, ИЗГОТВЕНА ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ. ЦЕЛТА Е ПРЕЦИЗНО И ПРАВИЛНО ПОСТАВУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ ВО РЕОНИТЕ КАДЕ ШТО Е ТОА НАЈНЕОПХОДНО.

СО ОВАА АКТИВНОСТ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРАВИ ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ И ПОЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ВОДНИТЕ РЕСУРСИ, ВО ИНТЕРЕС НА ГРАЃАНИТЕ И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е КОМПАНИЈАТА „ТЕХНОСКОП" ОД СКОПЈЕ





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУМАНИЧЕВО!

ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА, СЕ ОДВИВАА АКТИВНОСТИ ЗА ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУМАНИЧЕВО.

ОВОЈ ЗАФАТ ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОЗДАВАЊЕ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ И ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОВРШИНИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДЕЖНАТА ФИРМА ГРАДБА ПРОМЕТ.



НОВО КАТЧЕ ЗА ИГРА ВО НАШИОТ ГРАД!

НА УЛИЦАТА „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“ СЕ ИЗГРАДИ УШТЕ ЕДНО ПРЕКРАСНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА ПОВРШИНА ОД 100 М²! ВЕЌЕ СЕ ПОСТАВЕНИ ШАРЕНИ И БЕЗБЕДНИ РЕКВИЗИТИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ, А НАСКОРО СЛЕДУВААТ И ГУМЕНА ПОДЛОГА, ОГРАДА, КЛУПИ И КОРПИ – СÈ ШТО ИМ ТРЕБА НА ДЕЦАТА ЗА БЕЗГРИЖНА И ВЕСЕЛА ИГРА!

ОВА Е САМО ЕДНО ОД МНОГУТЕ ИГРАЛИШТА ШТО ГИ УРЕДУВА НАШАТА ОПШТИНА – ЗАТОА ШТО ДЕЦАТА ЗАСЛУЖУВААТ ПРОСТОР ЗА ИГРА, СМЕА И СРЕЌНИ СПОМЕНИ



ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИОТ ПАТ ДО ЦРКВАТА „СВ. ЃОРЃИ“ ВО СЕЛО РАЕЦ.

ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА, СЕ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИОТ ПАТ ДО ЦРКВАТА „СВ. ЃОРЃИ“ ВО СЕЛО РАЕЦ. НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ПРОДОЛЖАТ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НИЗ СЕЛОТО.



СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕА НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА НЕКОЛКУ НОВИ ТАКСИ СТОЈАЛИШТА И ТОА НА:

- УЛ. „7 СЕПТЕМВРИ“ (ДВЕ ЛОКАЦИИ)
- УЛ. „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“
- УЛ. „ЦАНО ПОП РИСТОВ“
- УЛ. „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ“





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРВАТА ИНТЕРВЕНТНА РЕПУБЛИЧКА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – СИЛЕН ШТИТ ПРОТИВ ОГНЕНАТА СТИХИЈА.

ПРВАТА РЕПУБЛИЧКА ИНТЕРВЕНТНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА (МИП), СО 50 СПЕЦИЈАЛНО ОСПОСОБЕНИ ВОЗИЛА ОД ТИПОТ ХЕРМЕЛИН, ПИНЗГАУЕР И БТР, ПРЕТСТАВУВА КЛУЧНА СИЛА ВО БОРБАТА ПРОТИВ ПОЖАРИТЕ НИЗ МАКЕДОНИЈА.

ОВИЕ ТЕРЕНСКИ ВОЗИЛА, СО СВОЈАТА ПРООДНОСТ НА НЕПРИСТАПНИ ПОДРАЧЈА КАДЕ ОСТАНАТИТЕ НЕ МОЖАТ ДА СТИГНАТ, СЕ ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАВРЕМЕНА ИНТЕРВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ, КАКО И ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ИМОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ.

ПРОЕКТОТ Е РЕАЛИЗИРАН ВО СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, МВР, АРМ, ДЗС И ПОВЕЌЕ ПРИВАТНИ КОМПАНИИ, КОИ ЗАЕДНИЧКИ УЧЕСТВУВАА ВО ПРЕНАМЕНАТА И АДАПТАЦИЈАТА НА ОВИЕ ВОЗИЛА ЗА ПРОТИВПОЖАРНИ ЦЕЛИ.

ОВОЈ ЗАЕДНИЧКИ НАПОР РЕЗУЛТИРАШЕ СО ЕФИКАСЕН И МОБИЛЕН ПРОТИВПОЖАРЕН КАПАЦИТЕТ, КОЈ ПРЕТСТАВУВА ВИСТИНСКА ПОДДРШКА ЗА СПАСУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИ ЖИВОТИ И ЗАШТИТА НА НАШАТА ТАТКОВИНА.





ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД СЕ ЗАВРШИЈА ПОПЛОЧУВАЊАТА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО СЕЛАТА МАЈДЕН И РОЖДЕН КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ОВИЕ АКТИВНОСТИ ПРЕТСТАВУВААТ КОНКРЕТЕН ЧЕКОР КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА И КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ, КАДЕ ШТО ВАКВИТЕ ИНВЕСТИЦИИ СЕ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СЕКОЈДНЕВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ.

ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА НОВИОТ КРУЖЕН ТЕК

ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА НОВОИЗГРАДЕНИОТ КРУЖЕН ТЕК НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-РОСОМАН, СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ. ВО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 11 МИЛИОНИ ДЕНАРИ СО ВКЛУЧЕН ДДВ, ФИНАНСИРАН ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е КОМПАНИЈАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

ЗА БЕЗБЕДНО И УБАВО КАВАДАРЦИ!





СЕЛО КУМАНИЧЕВО

ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА, СЕ ОДВИВААА АКТИВНОСТИ ЗА ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУМАНИЧЕВО. ОВОЈ ЗАФАТ ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОЗДАВАЊЕ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ И ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОВРШИНИ.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОДРЖА РАБОТНА СРЕДБА СО ЗАМЕНИК-МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЃОКО ВЕЛКОВСКИ, ПРИ ШТО СЕ ПРЕЗЕНТИРАШЕ ЛОКАЦИЈАТА И ДЕТАЛИТЕ ЗА ЕДЕН ОД НАЈЗНАЧАЈНИТЕ СОЦИЈАЛНИ ПРОЕКТИ ВО НАШИОТ РЕГИОН – ИЗГРАДБАТА НА НОВ ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМ.

СЕ ЗАПОЧНУВА СО КОНКРЕТНА ПОСТАПКА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ СТАРСКИ ДОМ ВО ДРЖАВАТА. ОВОЈ ПРОЕКТ, КОЈ ВО ЦЕЛОСТ Е ИЗРАБОТЕН ОД ОПШТИНСКИТЕ СЛУЖБИ, Е ДЕЛ ОД НАШАТА ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ГРИЖАТА ЗА ПОСТАРАТА ПОПУЛАЦИЈА.

ИНВЕСТИЦИЈАТА ИЗНЕСУВА 148 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЛОКАЛНАТА И ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ. НОВИОТ ДОМ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 57 ЛЕГЛА, СОВРЕМЕНО УРЕДЕНИ И ОПРЕМЕНИ СО СИТЕ НЕОПХОДНИ УСЛОВИ ЗА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ. ЛОКАЦИЈАТА НА ОБЈЕКТОТ Е ВНИМАТЕЛНО ИЗБРАНА – ВЕДНАШ ДО СПОМЕНИКОТ НА КИРО КРСТЕВ, ВО БЛИЗИНА НА ПАРКОТ И СЛУЖБАТА ЗА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ, ШТО ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ПРИСТАПНОСТ И МИРНА ОКОЛИНА. ЦЕНАТА ЗА ПРЕСТОЈ ЌЕ БИДЕ РЕГУЛИРАНА ОД НАДЛЕЖНОТО МИНИСТЕРСТВО, СО МИНИМАЛЕН НАДОМЕСТ КОЈ ЌЕ ОВОЗМОЖИ ЕДНАКОВ ПРИСТАП ЗА СИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ.





КАКО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, ОСТАНУВАМЕ ПОСВЕТЕНИ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТИ ШТО ДИРЕКТНО ГО ПОДОБРУВААТ ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНАА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦАТА „16 ЈУНИ“. РАБОТИТЕ ОПФАЌААТ ПОСТАВУВАЊЕ НА КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО ПРЕЧНИК Ф315 ВО ДОЛЖИНА ОД 160 МЕТРИ, КАКО И ИНСТАЛАЦИЈА НА НОВИ РЕШЕТКИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ.
СО ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА, ЗАЕДНО СО УШТЕ ЕДНА ПРЕДВИДЕНА ИНТЕРВЕНЦИЈА, Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЦЕЛОСНО ЌЕ ЈА РЕАЛИЗИРА СВОЈАТА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА 2025 ГОДИНА.




Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИНТЕНЗИВНО РАБОТИ НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ НИЗ ГРАДОТ. СЕ ВРШЕШЕ ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ НА КРАК ОД УЛ. „12 ДРУГАРИ“, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА. НА УЛ. „11 БРИГАДА“ Е ЗАВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА АТМОСФЕРСКАТА И ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА, ДОДЕКА НА ЛОКАЦИЈАТА ЖЕЛКОВ ДОЛ ВО ТЕК СЕ АКТИВНОСТИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА РЕШЕТКИТЕ ОД АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА.




НОВ ПАРК ВО НАШЕТО УБАВО КАВАДАРЦИ!
ГРАЃАНИТЕ ОД СЕГА ЌЕ МОЖАТ ДА УЖИВААТ ВО НОВИ СОДРЖИНИ НА ПАРКОТ „СТРАШО ПИНЏУР" КОЈ СЕ ПРОСТИРА ВО СКЛОП НА СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ НА ПОВРШИНА ОД 14.000М2 СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 9.870.000 ДЕНАРИ. ПРИ ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ПАРК ВО ЦЕЛОСТ БЕШЕ ОПФАТЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ИГРАЛИШТА (ФУДБАЛСКО И КОШАРКАРСКО), СЕ ПОСТАВИ КОМПЛЕТНА КОНСТРУКЦИЈА ЗА КОШЕВИ И ФУДБАЛСКИ ГОЛОВИ, ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ЦЕЛОСНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАРКОТ И СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ.
ДОПОЛНИТЕЛНО ЗА ОВОЈ ПАРК ДА ФУНКЦИОНИРА БЕСПРЕКОРНО, ПОСТАВЕНИ СЕ И ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, УРБАНА ОПРЕМА (КОРПИ, КЛУПИ, ФОНТАНА), ОПШТИНАТА ВО СОРАБОТКА СО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИМААТ ПОСАДЕНО НАД 220 ДРВЈА И 10.000М2 ЗЕЛЕНИЛО, ПА НА ЕСЕН КОГА ЌЕ ДОЗВОЛАТ ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВОТО НА ЗЕЛЕНИЛО ВО ОВОЈ ПАРК.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦАТА „16 ЈУНИ". РАБОТИТЕ ОПФАЌААТ ПОСТАВУВАЊЕ НА КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО ПРЕЧНИК Ф315 ВО ДОЛЖИНА ОД 160 МЕТРИ, КАКО И ИНСТАЛАЦИЈА НА НОВИ РЕШЕТКИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ.

ПРОДОЛЖУВААТ И АКТИВНОСТИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА РЕШЕТКИТЕ ОД АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ КАДЕ ШТО ИМА ПРИЈАВИ ЗА НЕФУНКЦИОНАЛНИ РЕШЕТКИ, ПРЕКУ КОЛ-ЦЕНТАРОТ И „МОЈ ОПШТИНАР".





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГИ ПОТПИША ДОГОВОРИТЕ ОД ВТОРИОТ ПОВИК НА ВЛАДА СО КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВИЕ 8 КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ, ВО ВРЕДНОСТ ОД СКОРО 5 МИЛИОНИ ЕВРА!

ДОГРАДБА НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ОБЈЕКТ – ПОКРИЕН БАЗЕН (Д3 – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА).

ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ОБЈЕКТ ВО СРЦ „ЈАСМИН" ВО КАВАДАРЦИ.

ИЗГРАДБА НА КАРТИНГ ПАТЕКА СО ПРОПРАТНИ СОДРЖИНИ.

МОСТ ПРЕКУ ЛУДА МАРА ДО СЕЛО МАРЕНА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ- СУПЕРМАРКЕТ ЗА ХРАНА И ДОМАШНИ ПРОИЗВОДИ

ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ, ПОТПОРНА КОНСТРУКЦИЈА И УЛИЧНА РАСВЕТА НА УЛ. „ЃОРЃИ СОКОЛОВ"- КРАЦИ ВОН ГРАД.

ГАСИФИКАЦИЈА НА КАВАДАРЦИ 1, ДИСТРИБУТИВНА ГАСОВОДНА МРЕЖА – ПРВА ФАЗА И МРЦ – МЕРНО РЕГУЛАЦИОНА СТАНИЦА.

ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ВО НАСЕЛБА ОПИТНО ПОЛЕ.

ИСТОВРЕМЕНО БЕШЕ ПОТПИШАН И ДОГОВОР ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КОЈ ВЛАДАТА ПРЕКУ ЗЕЛС НА ОПШТИНИТЕ МУ РАСПРЕДЕЛУВА ДОНАЦИЈА- ПРОЧИСТУВАЧИ ЗА ВОЗДУХ.

ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ ДО ПРЕМИЕРОТ HRISTIJAN MICKOSKI И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КОЈ ДОКАЖА ДЕКА Е СИЛНА ПОДДРШКА И ПАРТНЕР ЗА СИТЕ ОПШТИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.





# НАСТАНИ

СО ПОЛАГАЊЕ СВЕЖО ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕН БИСТАТА ВО СЕЛО МАРЕНА МУ СЕ ОДДАДЕ ДОСТОИНСТВЕНА ПОЧИТ И БЕА ОДБЕЛЕЖАНИ 24 ГОДИНИ ОД УБИСТВОТО НА ВОЈНИКОТ БЛАШКО ТОЛЕВ.
ВЕЧНА МУ СЛАВА.





ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ОРГАНИЗАТОРИТЕ И УЧЕСНИЦИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФЛЕЈТИСТИЧКИ КОНЦЕРТЕН ПОДИУМ, КОЈ ТРАДИЦИОНАЛНО СЕ ОДРЖУВА ВО ДЕТСКОТО ОДМОРАЛИШТЕ МИХАЈЛОВО, КАВАДАРЦИ. ЧЕСТ НИ Е ШТО КАВАДАРЦИ Е ДОМАЌИН НА ВАКОВ ЗНАЧАЕН НАСТАН КОЈ ГО ПРОМОВИРА МУЗИЧКОТО ТВОРЕШТВО И ГИ ПОТТИКНУВА МЛАДИТЕ УМЕТНИЦИ. ПРИ ДЕНЕШНАТА ПОСЕТА НА ПРОФ. М-Р СТРАШО ТЕМКОВ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ДОБИ ПОДАРОК УМЕТНИЧКА СЛИКА, КОЈА ЈА ПРИМИ СО ГОЛЕМА ЧЕСТ И БЛАГОДАРНОСТ. ПОДДРШКАТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА ОСТАНУВА НАШ ПРИОРИТЕТ.



ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СЕКРАТАРОТ ТОДОР ЕФРЕМОВ ИМАШЕ СРЕДБА СО ГОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА, СРБИЈА И АРУБА, ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ ХАРМОНИЈА ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПЛУС ПРОГРАМАТА. ПРОЕКТОТ ХАРМОНИЈА ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ЈА ЗАЈАКНЕ ДИГИТАЛНАТА УПОТРЕБА НА РАЗНИ АЛАТКИ КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПРИМЕНАТ ВО СОЗДАВАЊЕТО МУЗИКА КАКО И ОНЛАЈН ПЛАТФОРМИТЕ КОИ СЕ ПОВЕЌЕ СЕ КОРИСТАТ ЗА ТВОРЕЊЕ МУЗИКА ПРОМОВИРАЈЌИ ИСТОВРЕМЕНО КУЛТУРНО РАЗБИРАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА НАРОДИТЕ ПРЕКУ МУЗИКА, ИСТРАЖУВАЈЌИ ГИ КУЛТУРНИТЕ РАЗЛИКИ НИЗ УМЕТНОСТ, ИЗРАЗУВАЊЕ НА ЗЕМЈИТЕ ПАРТНЕРИ ОД МАКЕДОНИЈА, СРБИЈА И АРУБА ВО ПРОЕКТОТ ПОДДРЖАН ОД ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС ПЛУС ОД НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА НА ХОЛАНДИЈА.





СО ПОЛОЖУВАЊЕ СВЕЖО ЦВЕЌЕ БЕА ОДБЕЛЕЖАНИ 131 ГОДИНА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ПРВИОТ КОМИТЕТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (ТМОРО) КАВАДАРЦИ. КАВАДАРЦИ Е ПРВ ГРАД ВО МАКЕДОНИЈА ВО КОЈШТО Е ФОРМИРАН ПРВИОТ КОМИТЕТ НА ТМОРО ПОСЛЕ СОЛУН!





# НАСТАНИ

АМБАСАДОРКАТА НА УКРАИНА, НЕЈЗИНАТА ЕКСЕЛЕНЦИЈА ЛАРИСА ДИР, ВО ЗНАК НА БЛАГОДАРНОСТ ЗА ПОДДРШКАТА И АНГАЖИРАНОСТА, МУ ВРАЧИ ПОСЕБНА БЛАГОДАРНИЦА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Д-Р МИТКО ЈАНЧЕВ.

ВО РАМКИ НА СВОЈАТА ПОСЕТА, АМБАСАДОРКАТА ГО ПОСЕТИ И ЛЕТНИОТ КАМП ВО МИХАЈЛОВО, КАДЕ ВЕЌЕ ДВЕ НЕДЕЛИ ПРЕСТОЈУВААТ ДЕЦА ОД УКРАИНА. НЕЈЗИНОТО ПРИСУСТВО БЕШЕ ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРИСУТНИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНО ЗБОГАТУВАЈЌИ ГО НИВНИОТ ПРЕСТОЈ.

ПРЕСТОЈОТ ЗА 60 ДЕЦА И 9 КООРДИНАТОРИ Е ЦЕЛОСНО ПОДДРЖАН ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА, КОЈА КАКО И СЕКОГАШ ПОКАЖА СИЛНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ХУМАНОСТ.

ОВИЕ ИСКЛУЧИТЕЛНИ МОМЕНТИ СЕ ОВОЗМОЖЕНИ БЛАГОДАРЕНИЕ НА ПОДДРШКАТА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г. МИТКО ЈАНЧЕВ – ЧОВЕК КОЈ ПОСТОЈАНО ПОКАЖУВА ГРИЖА И ЉУБОВ КОН НАЈМЛАДИТЕ. НАСМЕАНИ, ИСПОЛНЕТИ СО РАДОСТ, ДЕЦАТА УЖИВАА ВО ЧИСТИОТ ВОЗДУХ, ИГРАТА И НОВИТЕ ПРИЈАТЕЛСТВА ВО МИХАЈЛОВО – МЕСТО КОЕ СО ПОВЕЌЕ СЕ ПРЕПОЗНАВА КАКО ВИСТИНСКА ОАЗА НА ДЕТСКА СРЕЌА, РАСТ И РАЗВОЈ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ПРИСУСТВО НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ И ДИРЕКТОРОТ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - DREJTORIA PËR MBROJTJE DHE SHPËTIM СТОЈАНЧЕ АНГЕЛОВ ПРИСУСТВУВАА НА ПОКАЗНА ВЕЖБА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАР СО НАНО ТЕХНОЛОГИЈА, ХИДРО ГЕЛ КОЈ ПРИ ВИСОКА ТЕМПЕРАТУРА СЕ АКТИВИРА И ПОМИНУВА ВО АГРО ГЕЛ .СО ТОА СЕ ОВОЗМОЖУВА ПРЕСЕКУВАЊЕ ,ГАСНЕЊЕ И КОНТРОЛИРАЊЕ НА ПОЖАРОТ.

ОВАА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ПРВ ПАТ ВО ЕВРОПА ДЕНЕС СЕ ПРЕТСТАВУВА ВО НАШАТА ОПШТИНА.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ (УНДП) ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ RELOAD3, ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

ОВА ПАРТНЕРСТВО ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, КАКО И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОАКТИВНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ.

СО ЗАЕДНИЧКИ НАПОРИ, ЈА ГРАДИМЕ ОСНОВАТА ЗА ПООТЧЕТНА, ИНКЛУЗИВНА И ОДРЖЛИВА ЗАЕДНИЦА, ВО КОЈА ГЛАСОТ НА СЕКОЈ ГРАЃАНИН Е СЛУШНАТ И ЦЕНЕТ.



# КУЛТУРНО ЛЕТО

БАБИНИ ИГРИ СО МИМИ И САЛЕ
ИГРАЊЕ ЦАРИЦА, СКОКАЊЕ СО ВРЕЌА, СКОКАЊЕ СО КРУГОВИ, РИТМИЧКИ ПЕСНИ И ЦРТАЊЕ ДО КРЕДИ
МНОГУ НАСМЕАНИ ЛИЦА И ДЕТСКА РАДОСТ.
КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025





ОБОЈ ГИ МОИТЕ ОМИЛЕНИ ЛИКОВИ ОД БАЈКИТЕ.
УШТЕ ЕДЕН ДЕН ОД КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО ИСПОЛНЕТ СО МНОГУ ЗАБАВА И ДЕТСКИ НАСМЕВКИ.





МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ, СПЕКТАКЛОТ "КАВАДАРЕЧКИ ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ" НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ!






СО НАСТАПИТЕ ОД ТРЕТАТА ВЕЧЕР ОД КАВАДАРЕЧКИТЕ ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ, УШТЕ ЕДНАШ СЕ ПОТВРДИ ДЕКА КАВАДАРЧАНИ УМЕАТ ДА ОРГАНИЗИРААТ, ДА БИДАТ ДОБРИ ДОМАЌИНИ И ПРЕКРАСНА ПУБЛИКА.
УСПЕШНО ЗАВРШИ ШЕСТИОТ МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ ВО КАВАДАРЦИ.



ГРОЗДОБЕРКО НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД!
ВЕЧЕРНА МАГИЈА СО НАСМЕАНИ ДЕЧИЊА И РАДОСТ НАСЕКАДЕ!
СЕКОЕ ДЕТЕНЦЕ ДОБИВА ЛИЖАВЧЕ
ВОЗЕЊЕТО СО ТУРИСТИЧКИОТ ВОЗ „ГРОЗДОБЕРКО" НОСИ МОМЕНТИ ЗА ПАМЕТЕЊЕ – ДИРЕКТНО ОД СРЦЕТО НА ГРАДОТ.



СЈАЈОТ НА СЦЕНАТА Е ВАШ!
СТУДИО ЗА ТАНЦ „СТАРС" КАВАДАРЦИ ЈА РАЗДВИЖИ АТМОСФЕРАТА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД СО ЕНЕРГИЈА, СТРАСТ И БЕСПРЕКОРНИ КОРЕОГРАФИИ!
ГОРДИ СМЕ НА СЕКОЕ ДЕТЕ, СЕКОЕ ДВИЖЕЊЕ И СЕКОЈ АПЛАУЗ ОД ПУБЛИКАТА!



# КУЛТУРНО ЛЕТО

СПОРТСКИ ИГРИ ВО КАВАДАРЦИ!
ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОРГАНИЗИРА НЕЗАБОРАВНИ СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ!
ЉУБОВТА КОН СПОРТОТ, ИГРАТА И ФЕР-ПЛЕЈ ДУХОТ ГИ ОБЕДИНИЈА НАШИТЕ ДЕЦА НА ТЕРЕНИТЕ НИЗ ГРАДОТ.
СПОРТ, ЗАБАВА И ДРУГАРСТВО – ЗА ЕДНО ПОАКТИВНО И ПОСРЕЌНО ЛЕТО!





ПАНТОМИМА СО МИМИ И САЛЕ, МАЦА И ЈОЦО– МАГИЈА ШТО СЕ ЧУВСТВУВА, НЕ СЕ ЗБОРУВА!
ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025 ПУБЛИКАТА ВО КАВАДАРЦИ УЖИВАШЕ ВО УМЕТНОСТА НА ПАНТОМИМАТА – ТИВКА, НО СИЛНА, СО ЕМОЦИЈА, ДВИЖЕЊЕ И МОМЕНТИ ШТО ДОЛГО ЌЕ СЕ ПАМЕТАТ.
ВИ БЛАГОДАРИМЕ ШТО БЕВТЕ ДЕЛ ОД ОВАА УНИКАТНА ВЕЧЕР





ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025 ГОДИНА, ДЕНЕС ВО ГАЛЕРИЈА ПРИ ДОМ НА КУЛТУРА “ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ“ КАВАДАРЦИ БЕШЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБА НА ЛЕЕТИВ НАМДАГ ЖАНЧИВИ ОД МОНГОЛИЈА, ИНАКУ ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА МОНГОЛИЈА ВО МАКЕДОНИЈА. ЛЕЕТИВ НАМДАГ ЖАНЧИВИ Е ДИПЛОМАТ, АРХИТЕКТ, СЛОБОДЕН УМЕТНИК, МОДЕН ДИЗАЈНЕР, ПОЕТ, РАСКАЖУВАЧ, ПРЕВЕДУВАЧ, КАКО И ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА МОНГОЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ДИПЛОМИРАЛ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА ВО 1975 ГОДИНА НА УКИМ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ. РЕАЛИЗИРАЛ ПОВЕЌЕ ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ОД 1970-ТИТЕ ГОДИНИ ДО ДЕНЕС. НЕГОВИТЕ ДЕЛА СЕ НАОЃААТ ВО ПРИВАТНИ КОЛЕКЦИИ И ЗБИРКИ НА УМЕТНИЧКИ ГАЛЕРИИ И КОМПАНИИ ОД МАКЕДОНИЈА, МОНГОЛИЈА, МЕКСИКО И САД. УЧЕСТВУВАЛ НА ПОВЕЌЕ ЛИКОВНИ КОЛОНИИ. ПОЗНАТ Е КАКО ДОНАТОР НА СВОИТЕ УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ВО ДОБРОТВОРНИ ЦЕЛИ.





ТРЕТА ГОДИНА ПО РЕД – ФЕСТИВАЛ НА ЧАЛГИСКА МУЗИКА!
ТРАДИЦИОНАЛНО НА ПРАЗНИКОТ ПЕТРОВДЕН, ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ, СЕ ОДРЖА ФЕСТИВАЛ НА ЧАЛГИСКА МУЗИКА – ДЕЛ ОД КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025. ЦЕЛАТА МАКЕДОНСКА ЧАЛГИСКА ФЕЛА БЕШЕ НА ЕДНО МЕСТО, А ГРАЃАНИТЕ УЖИВАА ВО ИЗВОНРЕДНИОТ ЗВУК И БОГАТА МУЗИЧКА ТРАДИЦИЈА.
ФЕСТИВАЛОТ Е ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕ „ВАТАШКА ЧАЛГИЈА" СО ПОДДРШКА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
УШТЕ ЕДЕН ПРЕКРАСЕН НАСТАН КОЈ РАСТЕ ВО ТРАДИЦИЈА И КУЛТУРНА ВРЕДНОСТ!



# КУЛТУРНО ЛЕТО

ПОД ОТВОРЕНО НЕБО И СО МНОГУ ЉУБОВ КОН ТРАДИЦИЈАТА, НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ЦЕЛОВЕЧЕРЕН КОНЦЕРТ ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025!

НАСТАНОТ ГО ЗБОГАТИЈА НАСТАПИТЕ НА ФОЛКЛОРНИОТ АНСАМБЛ „ТИКВЕШ“ – КАВАДАРЦИ И КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКОТО ДРУШТВО „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ – МЕЛБУРН, АВСТРАЛИЈА КОИ ПРЕКУ ИГРА, ПЕСНА И ИЗВОРНА НОТА ГО ДОНЕСОА ДУХОТ НА МАКЕДОНИЈА ПРЕД МНОГУБРОЈНАТА ПУБЛИКА.

ВЕЧЕР ПОЛНА СО ЕМОЦИИ, ГОРДОСТ И АВТЕНТИЧНА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА – ВИСТИНСКИ ПРАЗНИК ЗА ДУШАТА!




ВИСТИНСКА РАДОСТ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД! МASKOTITE НА ВОСКО ПРИРЕДИЈА ВЕСЕЛА И НЕЗАБОРАВНА ЗАБАВА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025. ПОЛН СО СМЕА, МУЗИКА И ИГРИ ПЛОШТАДОТ БЕШЕ МЕСТО КАДЕ ДЕТСКАТА РАДОСТ БЛЕСНА СО ПОЛН СЈАЈ.

МЛАДИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ УЖИВАА ВО ДРУЖЕЊЕТО СО МАСКОТИТЕ, ТАНЦУВАА, СЕ ФОТОГРАФИРАА И СОЗДАДОА СПОМЕНИ ЗА ПАМЕТЕЊЕ.




КОНЦЕРТ НА МЕЛОДИСКИ ОРКЕСТАР „ПОЛИФОНИЈА СТРИНГС“

НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025, ЉУБИТЕЛИТЕ НА МУЗИКАТА ИМАА МОЖНОСТ ДА УЖИВААТ ВО НЕЗАБОРАВЕН КОНЦЕРТ ОД МЕЛОДИСКИОТ ОРКЕСТАР „ПОЛИФОНИЈА СТРИНГС“.

УНИКАТНА АТМОСФЕРА, ИСПОЛНЕТА СО ЗВУЦИ НА ТРАДИЦИОНАЛНИ И КЛАСИЧНИ ИНСТРУМЕНТИ, ПРЕРАБОТКИ НА ПОЗНАТИ КОМПОЗИЦИИ, КАКО И АВТОРСКИ ДЕЛА, КОИ ПРЕДИЗВИКАА БУРНИ АПЛАУЗИ ОД ПУБЛИКАТА.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА СИТЕ КОИ ПРИСУСТВУВАВТЕ И ЈА СПОДЕЛИВТЕ ОВАА МУЗИЧКА МАГИЈА СО НАС! СЛЕДЕТЕ НЕ ЗА ПОВЕЌЕ КУЛТУРНИ НАСТАНИ ВО ТЕКОТ НА ЛЕТОТО!




X ДЕТСКАТА КРЕАЦИЈА СО ЉУБОВ ЗА СВОЈОТ РОДЕН КРАЈ

ДВОРОТ НА ВИНСКИОТ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ БЕШЕ ИСПОЛНЕТ СО БОЈА, НАСМЕВКИ И ДЕТСКА ИМАГИНАЦИЈА.

ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025, СЕ ОДРЖА МИНИ ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ДЕТСКАТА КРЕАЦИЈА СО ЉУБОВ ЗА СВОЈОТ РОДЕН КРАЈ“, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ВИНСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ И ЗДРУЖЕНИЕТО „РОДНОКРАЈЦИ“.






Врз основа на член 8 од Правилникот за начинот , условите и постапката за доделување на Награда „7 Септември“ (Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.26/2003 година , Општина Кавадарци Локална Самоуправа објавува

**КОНКУРС**

За доделување на Награда „7 Септември“ на град Кавадарци за 2025 година!

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Андоноски
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: Цветанка Камчева
**Печати:** печатница Арт Принт Студио
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**